# КРИТЕРИУМИ ЗА НАДОМЕСТ НА ШТЕТА ОД ОПАСЕН ПРЕДМЕТ ИЛИ ОПАСНА ДЕЈНОСТ

Судија

М-р Антоанета Димовска

Основен суд Скопје II Скопје

# ПРЕТПОСТАВКА НА ПРИЧИНОСТА

Штетата настаната во врска со опасен предмет, односно дејност се смета дека произлегува од тој предмет, односно дејност, освен ако се докаже дека тие не биле причина за штетата.

# КОЈ ОДГОВАРА ЗА ШТЕТА

- За штета од опасен предмет одговара имателот.
- За штета од опасна дејност лицето кое се занимава со неа.

# Што тѕреба да докаже тужителот

- Дека тужениот е имател на опасниот предмет или дека се занимава со опасна дејност.
- Претпоставка е дека штетата настанала од нив.

# ШТО ТРЕБА ДА ДОКАЖА ТУЖЕНИОТ

- Дека не се работи за опасен предмет или дејност или дека штетата не настанала од опасниот предмет или дејност.

# КАКО СЕ УТВРДУВА ШТО Е ОПАСЕН ПРЕДМЕТ ИЛИ ДЕЈНОСТ

- Ако предметот е опасен со самото постоење (Рев.бр.418/90 ВС на РМ).
- Немора во секој случај некој предмет и покрај тоа што по својата суштина е опасен во конкретниот случај да претставува опасност за тужителот(сентенца -сандаци со пчели).
- Работењето со опасаниот предмет во корист на оштетениот не го ослободува иметелот од надомет н штета, предизвикана од опасниот

# КАКО СЕ УТВРДУВА ШТО Е ОПАСЕН ПРЕДМЕТ ИЛИ ДЕЈНОСТ

- Тракторот кога не е во погон не претставува опасна дејност но со ставањето во погон истиот претставува опасен предмет.
- Некоја дејност е опасна само тогаш кога во нејзиниот редовен тек, по самата нејзина техничка природа и начинот на извршување, може да го загрози здравјето на луѓето и имотот, па таквото загрозување изискува зголемено внимание на лицето кое ја обавува таа дејност(Рев 730/12-2 ВС на РХ).

# КАКО СЕ УТВРДУВА ШТО Е ОПАСЕН ПРЕДМЕТ ИЛИ ДЕЈНОСТ

- Доколку штетата е настаната од самиот предмет имателот одговара по принципот на објективна одговорност(Рев2. бр. 547/2015 ВС на РМ).

# КАКО СЕ УТВРДУВА ШТО Е ОПАСЕН ПРЕДМЕТ ИЛИ ДЕЈНОСТ

- Воз во движење е опасен предмет и тужениот, Македонски железници е одговорен за штетата без оглед што тужителот испаднал од вратата на возот во чија близина стоел и пушел и покрај тоа што не е дозволено пушење. (Рев.2. бр. 188/2016 Врховен суд на Р. Македонија).

# КАКО СЕ УТВРДУВА ШТО Е ОПАСЕН ПРЕДМЕТ ИЛИ ДЕЈНОСТ

- Тужениот одговара за штетата настаната од пожар до кој дошол поради прекин на електричен вод, затоа што располага со електричната  мрежа, која се смета за опасен предмет(Гж бр. 877/77 ВС на РМ  ).

# КАКО СЕ УТВРДУВА ШТО Е ОПАСЕН ПРЕДМЕТ ИЛИ ДЕЈНОСТ

- Депонијата за смет сама по себе претставува опасен предмет сооглед на гасовите коие се испуштаат, лесната запаливост и сл. (Рев. бр. 618/96 од 26.02.1998 година ВС на РМ).
- Стаклено шише наполнето со газирана вода претставува опасен предмет, затоа што под притисок може да експлодира( Рев. бр. 1185/96 од 04.2.1998 ВС на РМ).

# КАКО СЕ УТВРДУВА ШТО Е ОПАСЕН ПРЕДМЕТ ИЛИ ДЕЈНОСТ

- Кога законот зборува за опасна ствар(за разлика од тие што не се) и пропишува построга одговорност за штета настаната во врска со нив, тогаш законот има на ум дека таквите ствари по својата намена, особини, положба, местото и начинот на употреба или на друг начин предизвикуваат зголемена опасност за штета за околината, па мора истите да се надгледуваат и употребуваат со зголемено внимание(Рев 190/07 -2 ВС на РХ)

- Во пресудата Рев. 190/07-2 на ВС на РХ, судот укажал на законската обврска на тужениот да докаже дека постојат причини кои го ослободуваат од одговорност за штета како имател на опасен предмет.

# ПРЕДАВАЊЕ НА ПРЕДМЕТОТ НА ТРЕТО ЛИЦЕ

- Стаклено шише наполнето со газирана вода претставува опасен предмет, затоа што под притисок може да експлодира. Одговараат и производителот и имателот на истото по принцип на објективан одговорност( Рев. бр. 718/90  ВС на РМ).
- Член 162 став 2 од ЗОО. Имателот мора да знае декан се работи за опасен предмет, начинот на чување, можноста од експлозија и сл.

# ПРЕДАВАЊЕ НА ПРЕДМЕТОТ НА ТРЕТО ЛИЦЕ

- Имателот на опасната ствар ќе се ослободи од одговорноста за надомест на штета причинета од опасен предмет на штетникот, ако докаже дека ги презел сите потребни мерки и заштитни средства да ја избегне или отстрани штетата, а оштетениот при тоа не се придржувал до нив(сентенца на ВС на РМ)
- Како коментар на член 162 став 4 од ЗОО.

# ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ОДГОВОРНОСТ ИЛИ ДЕЛУМНО ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ОДГОВОРНОСТ

- (Рев2. бр. 163/2016 ВС на РМ) Вршењето транспорт на пари е опасна дејност, но починатиот не ги почитувал процедурите и не  носел заштитни средства, со што во целост се применува член 163 став 1 од ЗОО.

# ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ОДГОВОРНОСТ ИЛИ ДЕЛУМНО ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ОДГОВОРНОСТ

- Вршењето опасна дејсност само е претпоставка дека штетата е настаната од неа, но доколку тужениот докаже дека истата настанала надвор од извршување на истата, тужениот се ослободува од одговорност (Рев2.бр.163/2016 ВС на РМ и Рев. 2.бр.10/2012).

# ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ОДГОВОРНОСТ ИЛИ ДЕЛУМНО ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ОДГОВОРНОСТ

- Утврдената штета се намалува сразмерно на придонесот на оштетениот за случување на истата(Рев 1890/10-2 ВС на РХ).
- Пресуда П4-1668/13 Основен суд Скопје 2.

БЛАГОДАРАМ ЗА ВНИМАНИЕТО!